**Влада на Република Северна Македонија**

Комисија за организации со статус од јавен интерес

30 . јули 2021

Архивски број: 20-3/6

До: Сојуз на здруженијата на пензионери на Македонија (СЗПМ)

ПРЕДМЕТ:Барање за прецизирање и дополнување на барањето за добивање статус на организација од јавен интерес

Почитувани,

Комисијата за организации со статус од јавен интерес, на четиринаесеттата седница одржана на ден 9.7.2021 година, го разгледа барањето за добивање статус на организација од јавен интерес на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија (СЗПМ) со сите придружни документи и го констатира следното:

Во членот 75 алинеја 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), како еден од критериумите кое здружението или фондацијата треба да ги исполнува за да се здобие со статус на организација од јавен интерес е и дејноста од јавен интерес да е главна приходна шифра во нејзиното работење.

Во членот 74 од Законот за здруженија и фондации се определени дејностите од јавен интерес и тоа:

-развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права,

-помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби,

- заштита на деца и младинци,

- заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување,

-заштита од злоупотреба на дрога, сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алкохолизам, проституција и трговија со луѓе,

- здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа,

-уметност, култура и заштита на културното наследство,

- аматерски спорт,

-заштита на животната средина и одржлив развој,

- локален и инфраструктурен развој,

- наука, образование и обука во образовниот процес,

-развој на етиката и моралот,

- хуманитарна и социјална помош, намалување на сиромаштијата,

- справување со елементарни непогоди,

- заштита и грижа за животни,

-заштита на потрошувачите,

-унапредување на добротворството и волонтерството и

- друга дејност од јавен интерес определен со овој или друг закон.

Во вашето барање за добивање статус на организација од јавен интерес заведено под бр.20-3/1 од 15.03.2021 година, не е наведена дејноста од јавен интерес определена во членот 74 од цитираниот закон. Со оглед на ова, потребно е да извршите прецизирање на вашето барање во точка 2.2 и точка 2.3 од образецот на барањето во однос на дејноста од јавен интерес за која се однесува барањето, а во согласност со цитираниот член од законот.

Воедно, Комисијата констатира дека во прилог кон барањето не е доставен и документ Опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во Статутот и активностите со кои е спроведувана, како и документ Опис на организациската структура, како дел од доказите што е потребно да се доставаат за стекнување на статус на организација од јавен интерес согласно со членот 76 став 2 алинеи 4 и 6 од Законот за здруженија и фондации, поради што е потребно истите од ваша страна да бидат доставени.

Исто така, доставениот документ Финансиски извештај за остварените приходи и извршените расходи за 2020 година на Сојузот на здруженијата на пенизонерите на Македонија, бр.02-02/07-3 од 12.03.2021 година, нема потпис на застапникот на правното лице, поради што истиот треба да се достави уредно потпишан.

Согласно горенаведеното, потребно е да постапите во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот, со цел повторно разгледување на вашето барање за стекнување статус на организација од јавен интерес од страна на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛКА
на Комисијата за организации
со статус од јавен интерес
Марија Митевска

Подготвила: Даниела Симоновска
Контролирала: Сања Савовска
Согласна: м-р Сузана Никодијевиќ- Филиповска

1

Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1 ... 2021

03-07/77-5
12-8 21

20 - 3/7

ДО
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Комисија за организации со статус од јавен интере

Предмет: Прецизирање и дополнување на барањето за добивање на статус од јавен интерес

Врска: Ваш бр. 20-3/6 од 30 јули 2021 година

**Почитувани ,**
Со овој допис вршиме допрецизирање и дополнување на барањето за добивање на статус од јавен интерес со наведување на дејностите што ги извршува Сојузот , а се од јавен интерес.
Со членот 74 од Законот за здруженија и фондации наведени се повеќе дејности од јавен интерес и во Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија се извршуваат повеќе дејности од јавен интерес, и тоа:

**Прво,** Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија е граѓанска организација (невладина,непартиска и мултиетничка) во која членуваат 53 здруженија на пензионери и која постои 75 години што е синоним за граѓанско општество во делот на пензионерското организрање. Членките на Сојузот односно здруженијата на пензионери се самостојни правни субјекти кои се здружиле во Сојузот заради заштита на правата и интересите на пензионерите , активно стареење и соживот.
Со постоење на активно и пасивно избирачко право претставниците на здуженијата учествуваат и одлучуваат непосредно во работата Сојузот.
**Сето тоа претставува развој на демократијата , граѓанско општество и човекови права**

**Второ,** со членот 11 од Статутот на Сојузот е утврдено дека Сојузот организира, следи, анализира и унапредува разни облици и форми на културно-уметнички и забавни дејности на здруженијата со организирање на ревии на песни музика и игри ,одржување на уметничко творење од областа на ликовната и драмската уметност, промоции и на други облици на творење.
Во примената на оваа статутарна одредба Сојузот организира 8 регионални ревии и Републичка ревија на песни , музика и игри кои од Министерството за култура **се прогласени за манифестации од**

**национален интерес**. Со свои фолклорни настапи Сојузот со здруженијата настапува и на маѓународниот фестивал Трето доба во Љубљана.Основна мисија на овие манифестации кои секоја година се одржуваат е заштита на нашето културно наследство преку негување на фолклорот изразен преку песни ора и музика, носји, накит, поговорки обичаи , односно се што спаѓа во ризницата на нашиот национален фолклор. Ако овие манифеставии кои ги организира Сојузот се прогласени за настани од национален карактер **несомнено е дека тие се и дејности од поширок јавен интерес.**Во дејствувањето на Сојузот до сега се одржани 19 регинални ревии низ Републиката и Единаесет републчки ревии. Исто така, Сојузот потикнува и издавачка дејност и творештво од пензионери кои творат во Третото доба што претставува и врв на пензионерското организирање ( член 11 став 1 алинеја 15 од Статутот). За извршување на оваа дејност Сојузот има и соодветна правна рамка.

**Трето**, во членот 74 став 1 алинеја 8 **како едно од дејностите од јавен карактер е и аматерскиот спорт.**Оваа дејност Сојузот ја организира секоја година со одржување на регионални спортски натпревари и републички спортски игри, 25 по ред**. Тоа е масовен аматерски спорт кој го практикуваат пензионерите и е од интерес за самите пензионери како активно стареење и претставува превенција во здравственото осигурување и пошироко во општеството.** Регулативата за оваа дејност е содржана во членот 11 став 1 алинеја 13 од Статутот на Сојузот

**Четврто,** Со членот 74 став 1 алинеја 13 и 17 од од Законот за здруженија и фондации е утврдено дека хуманитарната и социјалната помош и намалување на сиромаштијта како и унапредување на добротворството и волонтерството се дејности од јавен интерес , **а тие во Сојузот се остваруваат врз осно на статутарниот основ содржан во членот 11 став 1 алинеја 6 како унапредување на хуманитарна помош на корисникот на пензија со ниски пензиски примања**. Најважна околност односно дејност е волонтерството бидејки главно дејностите во Сојузот се извршуваат волонтерски за што Сојузот има и Проекет волонтерство, прилагоден на дејностите што се извршуваат во пензионерското организирање.
Преку овие химанитарни и волонтерски активности во организација на членките се помага во намалување на сиромаштијата што како активност се одвива континуирано, а во услови на пандемија одигрува значајна улога.Овие се програмски активности организрани и на локално ниво во соработка со локалната власт.
**Сите дејности содржани од точка 1 до 4 на овој допис согласно член 74 од Законот за здруженија и фондации претставува работење и**

**дејствување кое е насочено кон поширокатa јавност и кон интересите на заедницата.**

**Пето,** што се однесува **до доставување на Опис на организациона структура**. Ве информираме дека описот на организацината структура е содржана во највискокиот акт на Сојузот, а тоа е Статутот на Сојузот.Имено, со членот 1 е утврдено дека со Статутот се уредуваат целите и дејностите , организационата поставеност и функцинирањето на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.Понатаму , во членот 2 е утврдено дека здруженијата доброволно се здружуваат во Сојузот за остварување на целите и интересите содржани во оваа статутарна одредба, а според член 4 во Сојузот може да се здружуваат здруженија во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија. Со здружувањето во Сојузот здруженијата не го губат својството на правно лице и својата автономија со взаемно почитување и спроведување на својот и Статутот на Сојузот. Тоа значи дека се работи за хоризонтална организациона поставеност односно структура на Сојузот и здруженијата. Според член 12 од Статутот на Сојузот органи на Сојузот се : Собрание, Извршен одбор и Надзорен одбор.Бројот на членовите на Собранието на Сојузот е во зависност од бројот на членовите на здруженијата и членовите не се бират само по функција туку и од останатите членови од поширока делгатска база што претставува демократски принцип на избори во највискиот орган во Сојузот.За остварување на активностите Сојузот има постојани комисии составени од стручни и компетентни лица , а таквиот однос кон работењето и дејствувањето овозможило Сојузот да опстојува како граѓанска организација цели 75 години.

Станка Трајкова, претседателка на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија

Прилози:
-Финансиски извештај за 2020 година
- Правилник за спортски игри на пензионерите
- Билтен за спортски игри
- Правилник за ревии на песна, музика и игри
- Билтен за ревии на песна музика и игри
- Проект Волонтерство
- Правилник за подршка на издавачка дејност и творештво

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

за остварените приходи и извршените расходи за 2020 година на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Скопје, Март 2021 година

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
за остварените приходи и извршените расходи за 2020 година на Сојузот на здруженија на пензионерите на Маскедонија

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во 2020 година, своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа во 2020 година, прилагодени во услови на присуство на Панемијата предизвикана од вирусот Ковид 19.

Имено, поради присуството на вирусот Ковид 19 одредени активности се извршуваа во намален обем, прилогодени на протоколите пропишани од надлежните органи, а одредени активности кои не можеа да се извршат беа заменети со други активности.

За остварување на целите и задачите во овој период остварени се следните приходи и расходи и тоа:

| | |
|---|---|
| 1.ВКУПНИ ПРИХОДИ | 9.007.610 денари |
| 2.ВКУПНИ РАСХОДИ | 5.982.683 денари |

**1.Вкупни приходи**
Вкупните приходи во 2020 година се остварени во износ од 9.007.610 денари и истите се извршени со 98,63% во однос на остварените тековни вкупни приходи во истиот период од 2019 година (9.132.282 денари без пренесените средства).Во споредба со планираните приходи во износ од 9.440.000 денари извршувањето изнесува 95,42%.
Во 2020 година, Сојузот со остварените тековни приходи во износ од 9.007.610 денари ги изврши вкупните расходи во износ од 5.982.683 денари.
Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот, укажува на фактот дека покрај тоа што не можеа да се остварат одредени активности поради Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19, рационално се трошени средствата за остварување на целите и задчите, предвидени со Програмата за работа на Сојузот.
Вкупните приходи се остварени од членарина и други приходи:
**Приходи од членарина**
Во рамките на вкупните приходи најобемни средства се остварени од приходи од членарина во износ од 8.400.642 денари и истите во структурата на вкупните приходи учествуваат со 93,26%, додека на останатите приходи учеството изнесува 6,74%. Во споредба со структурата на остварените приходи во 2019 година зголемено е учеството на приходите од членарина, а намалено е учеството на другите приходи, поради тоа што приходи од донации и спонзорства не се остварени во планарините износи.

**Другите приходи**

Од други приходи се остварени средства во износ од 606.968 денари и тоа од:

- донации 30.848 денари
- спонзорства 61.000 денари
- кобрендирана картичка 113.988 денари
- инвалидски здруженија за весникот "Пензионер плус" 33.722 денари,
- реклами 334.560 денари и
- други приходи 32.850 денари (други вонредни приходи и камати)

Остварените средства од други приходи во 2020 година споредени со остварените приходи од 2019 година по сите видови на приходи се намалени освен приходите од реклами кои бележат пораст од 31,08%.

Остварените приходи споредени со планираните за 2020 година и остварените приходи во однос на истиот период од 2019 година, како и структурата на оделните приходи во вкупните приходи во 2020 година се дава во следниот преглед:

| конто | назив | Остварено 2019 | План 2020 | Остварено 2020 | оств.2020/ оств. 2019 | оств.2020 план/2020 | Структ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5/3 | 7=5/4 | 8 |
| | **ПРИХОДИ** | | | | | | |
| 7301 | Приходи од членарина | 8.249.088 | 8.500.000 | 8.400.642 | 101,84 | 98,83 | 93,26 |
| 7302 | Приходи од донации | 250.000 | 250.000 | 30.848 | 12,34 | 12,34 | 0,34 |
| 7303 | Приходи од спонзорства | 100.000 | 100.000 | 61.000 | 61,00 | 61,00 | 0,68 |
| 7304 | Приходи од кобрендирана картичка | 140.415 | 150.000 | 113.988 | 81,18 | 75,99 | 1,27 |
| 7305 | Прих.од инвал.Сојузи за весникот | 35.647 | 30.000 | 33.722 | 94,60 | 112,41 | 0,37 |
| 7701 | Пренесен дел од вишок на приходи | 534.700 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7201 | Приходи од камати од Ком.Банка | 14.069 | 0 | 21.463 | 152,56 | 0,00 | 0,24 |
| 7205 | Приходи од камати од НЛБ-ТБ | 6.209 | 0 | 4.504 | 72,54 | 0,00 | 0,05 |
| 7206 | Приходи од камати Шпаркасе банка | 0 | 0 | 3.991 | 0,00 | 0,00 | 0,04 |
| 7810 | Приходи - реклами | 255.227 | 350.000 | 334.560 | 131,08 | 95,59 | 3,71 |
| 7819 | Други вонредни приходи | 81.627 | 60.000 | 2.892 | 3,54 | 4,82 | 0,03 |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **9.666.982** | **9.440.000** | **9.007.610** | **93,18** | **95,42** | **100,00** |

Остварените приходи од членарина во 2020 година бележат благ пораст од 1,84% во споредба со приходите во 2019 година што се должи на порастот на вкупниот број на корисници на пензија од кои се пресметува и плаќа членарина, особено на корисниците на старосна пензија кои се членови на здруженијата на пензионери, членки на Сојузот. Во оваа година и во услови на Пандемија пензиите редовно се исплатуваа и редовно се вршеше дозначување на средства за членарина од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување Македонија.

Бројот на корисници на пензија во 2020 година во однос на 2019 година се дава во следниот преглед:

| Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2019 | Корисници на пензија 31.12.2020 | Зголемување/ намалување | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 212.941 | 218.815 | 5.874 | 102,76 |
| Инвалидска | 34.217 | 32.169 | -2.048 | 94,01 |
| Семејна | 75.546 | 74.141 | - 1.405 | 98,14 |
| Вкупно | 322.704 | 325.125 | 2.421 | 100,75 |
| Воени | 1.184 | 1.080 | -104 | 91,22 |
| Земјоделски | 151 | 90 | -61 | 59,60 |
| Вкупно | 324.039 | 326.295 | 2.256 | 100,70 |

Според податоците во прегледот се гледа дека пораст на бројот на корисници на пензија се забележува само кај корисниците на старосна пензија, додека бројот на корисници на инвалидска пензија е намален за 6%.

Просечните пензии по видови на пензија изнесуваат:

| Вид на пензија | 2019 | 2020 | индекс |
|---|---|---|---|
| Старосна пензија | 15.849 | 16.703 | 105,39 |
| Инвалидска пензија | 13.167 | 13.980 | 106,17 |
| Семејна пензија | 11.639 | 12.437 | 106,86 |
| Земјоделска пензија | 7.236 | 8.051 | 111,26 |
| Воена пензија | 21.891 | 22.787 | 104,09 |
| Вкупно | 14.602 | 15. 483 | 106,03 |

Пензиите во 2020 година во однос на пензиите од 2019 година се зголемени за 6,03%, како резултат на усогласувањето на пензиите од 1 јануари 2020 година за 5% односно линеарно 722 денари на сите пензии и усогласување на пензиите од 1 јули 2020 година за 0,6% според порастот на трошоците на животот во првото полугодие во 2020 година во однос на второто полугодие од 2019 година.